



# Борба против нелегална сеча на шумите – главни наоди

Берово, 12 декември 2025

## Вовед

**Нелегалната сеча на шумите** во Северна Македонија во последните години е препознаена во шумарската експертска јавност како проблем бр.1. Зошто?

Затоа што таа е непланска и води кон деградација на шумскиот систем поради начинот на кој што се спроведува. Штетите се непроценливи, затоа што ги засегаат сите општо-корисни вредности на шумите.

Официјалните податоци за нивото на илегална сеча на годишно ниво укажуваат на бројки кои варираат од 18.000 – 25.000 м3 на годишно ниво.

Други проценки пак укажуваат на драстично поголеми бројки (FAO funded Wisdom survey, 2015), кои во поблагите сценарија калкулираат со околу 500.000 м3 нелегално посечено дрво на годишно ниво.

Ако тоа визуелно го претставиме, станува збор за околу 120.000 трактори на годишно ниво. **Дали е можно?**



# Нелегалната сеча на шумите глобален проблем бр.3



## Најчести појави на нелегалност

### Кражба на дрво

- вклучува нелегална сеча;
- транспорт на дрво без испратница и жиг;
- неточен внес на податоци во испратница – (возење на две тури со една испратница, непотполно или неточно пишување на време, кубатура, ....)
- злоупотреба на одобрение на сеча и сечење на друга локација (подразбира и вклученост на лица од надлежни институции);

### Злоупотреба на положба или овластување поради мито

- сеча на локација која не е предвидена за сеча (заради поквалитетна шума на таа локација на пример), но надлежните не пријавуваат прекршок (мито);
- барање на дополнителни парични средства при услуга во приватна шума (мито);
- барање на дополнителни парични средства при продажба на дрво и трупци (мито);
- барање за посебен третман на дел од шума (пример болест или опожареност) со намалување на цена, а суштински нема таква појава (мито);
- непостапување на надлежните служби задолжени за непосредна заштита на шумите (мито);

# Алатки за спречување на нелегална сеча - Ознака за сеча





Прилог 1

Лого на субјектот

Приемен штембил на субјектот

**К Н И Г А**
за евиденција на извршена ознака за сеча
(во државна сопственост)

Датум______. ____ 20__

ПРИМИЛ,

______________________

______________________

Стр. бр.000

П.Ш.С. ______________________________ место ______________

Шумскостопанска единица ______________________________

оддел______ пододдел ______ ознаката е извршена од __________ до __________ 20 ____ год.

Стручното лице што ја извршило ознаката ______________________, ______________

| Реден број на стебло парцела | Вид на дрво | | | Висина на стеблото (m) | Површина на парцелата (ha) | Вид на дрво | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Пренос | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

# Алатки за спречување на нелегална сеча - Прием и премер на производи





# Алатки за спречување на нелегална сеча - Испратница

ПРИЛОГ 2

* За ____________

Приемен штембил на субјектот

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

МЗШВ М.П.
Потпис на овластено лице

**ИСПРАТНИЦА бр. 000000**

______________ од село/град ______________ ул. ______________ бр. ________
(пренесува-превезува, име и презиме)

За сметка на ______________ со: договор, одобрение, фактура, фискална с-ка со број и датум: ______________ на ______________
(правно/физичко лице) (име и презиме на купувачот)

Од село/град ______________ ул. ______________ бр. ________

Пренесува/превезува од место: ПШС ______________ одделение/оддел ______________ К.Парцела ______ до место ______________ следните производи:

| Ред Бр. | Вид на дрво | Вид на сортиментот на исечено дрво | Единечна мера | Количина | Жигосување со жиг број | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Количина: ______________
(со зборови)

Пренос/превоз на дрво се врши со ______________
(вид на преносно/превозно средство, регистарска ознака и сл.)

Оваа испратница важи само за еден пренос/превоз, што треба да се изврши
на ден ______ 20 ___ год. - ______________
(со зборови)

Важи за време од ____ до ____ часот - ______________
(со зборови)

Издадена на ден ___.___20__ год.

ОДГОВОРНО ЛИЦЕ:
______________
(цело име и презиме)

МП
______________
(потпис)

Примил возач: ______________
(цело име и презиме)
Потпис: ______________

Примил купувач: ______________
(цело име и презиме)
Потпис: ______________

(сув жиг)
МЗШВ

жбен весник на РМ, бр. 183 од 12.12.2014 година

Проект **Борба против нелегални шумски активности**

Финансиран од САД, спроведуван во соработка со United states forest service и Forest Service International Foundation.

Спроведуван од РЕФОРД, во соработка со United States Forest Service, со траење од 2022-2026.

**Општа цел на проектот: Да се зголеми свеста и знаењето поврзани со нелегалните активности во шумите и да се споделат најдобрите пракси на темата.**

Спроведени се голем број на активности:

- 35 состаноци со клучните засегнати страни;
- Предавања за студенти на Акаедмија за ЈО и судии, Факултет за безбедност, Постдипломци на Правен факултет, студенти на Шумарски факултет, Млади извидници;
- Истражување на јавното мислење кај 570 испитаници во 8 плански региони;
- Јавна кампања за негативното влијание на нелегалната сеча на шумите;
- Обуки за ШП од USFS, како и обуки за примена на дронови, надзорни камери и ГПС позиционирање;
- Водич за анализа на сателитски снимки и презентација пред надлежните;
- Водич за граѓани ентузијасти и НВО за препознавање на нелегална сеча;
- Обуки за ЈО и судии, со учество на експерти од USFS и федерален јавен обвинител на САД, надлежен за дела против животната средина;
- Координативен состанок на ЈО, Судски совет, ЈПНШ, МЗШВ
- Проценка на обезшумување во 3 подрачја преку анализа на сателитски снимки;

Реализирани повеќе од 35 состаноци со клучните засегнати страни. На основа на водените дискусии, подготвено е **Резиме** од истите, со соодветни заклучоци.

**1. Постоење на корупцијата во институциите и нивна неефикасност**

Што мислат повеќето од засегнатите страни во земјата?

- Шумочуварската служба не е ефикасна или воопшто не работи. Повеќето ја гледаат корупцијата како главна причина за неефикасноста и ги сметаат овие вработени за високо корумпирани.
- Слична перцепција во општеството има и за шумската полиција. Оваа институција по бројност е моќна, но не ги извршува успешно своите обврски низ целата држава. И двете служби (шумочуварска и шумска полиција) често меѓусебно се обвинуваат за неефикасност и корумпираност.
- За лошата заштита на шумите подеднакво одговорни се сметаат и обвинителството и судовите.
- Речиси сите засегнати страни изјавија дека нема политичка волја за дејствување против незаконските дејствија во шумарството.

## 1. Постоење на корупцијата во институциите и нивна неефикасност

Голем број вработени шумочувари не се способни да ја извршуваат оваа должност (физички или психички), па затоа се преместени да работат на некои други задачи (пошумување, ознака за сеча, товарење дрва). Нема распоредено шумочуварска служба во сите ШСЕ, како што налага Законот за шуми.

Проектот не ја забележа ваквата состојба кај Националните паркови (Галичица, Маврово и Пелистер).

Голем дел од јавноста гледа на ШП како главен одговорен субјект за актуелната ситуација. Треба да се напомене дека квалитетот на заштитата на шумите варира од една до друга шумско-полициска станица во земјата.

Овие две нивоа на заштита на шумите од нелегална сеча се клучни. Кога државната служба не функционира на терен, штом дрвото ќе стигне до населбите или складиштата, многу е тешко да се организира борба против трговијата и користењето на нелегално дрво.

Треба и да се каже дека при процесот на изработка на нов Закон за шуми во 2022 година, многу колеги од шумарството предложија целата шумочуварска служба на ЈПНШ да остане без надлежности за чување на шумите, главно поради тоа што покажува многу лоши резултати.

**2. Потребен развој на капацитетите на припадниците на шумската полиција**

Припадниците на ШП мора да се соодветно подготвени (физички, тактички и технички) за успешно спроведување на нивните задачи. Не се спроведува редовно обука со огненото оружје заради одржување на готовноста. Оружјето е старо, а калибарот е 7,62 мм, што не е полициски стандард. Ова значително влијае на нивната самодоверба и подготвеност да го користат оружјето што го носат на терен.

Забележано е дека самодовербата на ШП при физичките контакти на терен со прекршителите и примена на присилните дејствија против истите е на ниско ниво.

Има потреба од подготовка и спроведување на редовна програма за обука за истражни процедури и техники за подобрување на личните и организациски перформанси на ШП.

Инвестициите за подобрување на опремата на ШП е важно прашање. Во моментов ШП работи во смени и има само едно возило кое се користи за патролирање. Речиси е невозможно на тој начин да се покријат со заштита големите шумски пространства.

Вклучувањето на нова технологија (фото и видео камери, надзор и снимање со беспилотни летала, анализа на сателитски снимки, GPS уреди на возилата) може да помогне за подобра заштита на шумите.

**3. Потреба од зголемена свесност кај обвинителите и судиите за влијанието на криминалот поврзан со шумите**

Дивата сеча не е високо на листата на приоритети меѓу обвинителите. Честопати, неовластената сеча на дрво од државна шума од страна на локалното население се смета за традиционално однесување, а притоа не се обрнува внимание на влијанието врз животната средина.

Факт е дека постои голем број луѓе кои сечат дрвја во шумите за свои потреби. Честопати се сметаат како сиромашни луѓе кои не можат да обезбедат дрво за своите домови на законски начин. Добар дел од нив немаат лична карта, ниту сметка во банка или пак имот.

Дел од нив потоа се организираат во мали криминални групи крадат дрва од шумите и ги продаваат на локалното население, секој ден, а нивниот број се зголемува. Дрвото го превезуваат со мали теренски возила кои се приспособени за таков вид на транспорт, под 1 м3. Овие случаи се сметаат за прекршоци и единствено паричната казна треба да ја платат. Ова во пракса значи дека казната е еден од редовните трошоци за водење на овој нелегален бизнис.

На крајот од синџирот се добро организирани групи кои покриваат големи шумски пространства. Овие групи се многу агресивни и подготвени да употребат оружје, како што тоа се има случено во неколку наврати.

**4. Потреба од зоглемување на јавната свест кај населението**

Многу луѓе гледаат на шумските ресурси како средство за јавна употреба и не им пречи да сечат дрво за нивните домаќинства без дозвола. На него се гледа како на природен ресурс кој се обновува и нема потреба од посебно внимание на проблемите што ги предизвикува дивата сеча. Овој сегмент од населението треба да биде првата целна публика на програмите за подигање на свеста.

Друга целна публика се купувачите на дрвото. Овие луѓе се важен дел во синџирот на дивата сеча. Во овој момент во општеството нема разбирање дека купувањето нелегално дрво е всушност учество во шумскиот криминал, не само од аспект дека има штета на сопственикот на шумата, туку и даночно затајување и оштетување на животната средина на подолг рок. Пораките од оваа програма треба да допрат барем до помладата генерација, бидејќи честопати размислувањето на сегашната постара генерација тешко се менува.

**Спроведени обуки**

Обуките кои ги спроведе USFS, беа испорачани од Phil Huff, специјален истражител и командирот на службата од 6-та област, Joseph Cook.

Обуките главно беа спроведени кај припадниците на Шумската полиција во неколку наврати, организирани како регионални настани.

- Нелегалната сеча како глобален феномен
- Алатки за водење на истрага за шумски криминал
- Земање на изјави од сведоци и осомничени
- Соработка со НВО во водење на истраги
- Меѓународна координација и контролирана испорака
- Употреба на надзорни камери
- Етички код на вработените во USFS, обуки, менторство
- Чекори во водење на истрага и соработка со обвинителство

Во соработка со амбасадата на САД, спроведени беа и два предавања за припадниците на ЈО и Судовите.

## Истражување на јавното мислење

Спроведено е во периодот од декември 2023 до април 2024. Опфатени се вкупно 515 физички лица - корисници на шумски дрвни производи и сопственици на приватни шуми. Меѓу другото на прашањата одговорија и 7 единици на локална самоуправа (од 8) и 8 претставници од дрвната преработка од поканети 30.

1. Кои документи ги добивате при купувањето (прием) на дрвниот производ?
- 21% добиваат само фактура/сметка, без законски пропишана испратница
- 9% добива друг вид на документи (пр. сметко потврда, фискална од дрварата и др.)
- 16% не добива никаков вид на документи

2. На испитаниците кои биле сведоци на нелегална активност во шума, но не го пријавиле случајот кај надлежните (вкупно 82 испитаници) им беше поставено прашањето „Зошто не сте пријавиле?“
- 79% не веруваат во системот
- 19% од страв
- 2% други причини

3. Како ја цените работата на надлежните институции во заштита на шумите од нелегални активности?
- Оценети се со оценки од 2 – 2,40 на скала од 1 до 5.

## Прашања за сопственици на приватна шума

### Дали од Вас било некогаш побарано да платите различна цена од договорената, со цел да се здобие со корист извршувачот на услугата?




### Дали сте се сложиле на таквото барање?



**Јавна кампања**

Спроведувана е во две фази. Првата во периодот од април – јуни 2024 и втората во периодот од август – октомври 2024.

Првата фаза од кампањата се фокусираше на подигање на свеста за значењето на шумите. Ова вклучуваше потенцирање на нивната улога на хабитат, спречувањето на ерозијата на почвата и регулирањето на водниот режим и климата, како и нивното економско и културно значење во туризмот, пејзажните вредности и локалната егзистенција. Кампањата, исто така ја потсети јавноста на потребата од одговорно планирање за набавка на дрво пред грејната сезона.

Вториот круг од кампањата го смени фокусот кон едукација на јавноста за опасностите од нелегалната сеча и како да се купи дрво од легални извори. Оваа фаза се совпадна со две критични еколошки прашања: шумски пожари и претстојната грејна сезона.

Facebook кампања, вкупен досег: 198.000 прегледи

Презентација на видео: Над 558.000 прегледи на видео, 11.400 реакции

FOREST SERVICE INTERNATIONAL FOUNDATION


















**Анализа на сателитски снимки – надзор на нелегална сеча**

Пристап наменет за надлежните институции и истражни органи. Обезбедува точност на локациите, преглед во времето station наназад и сегашноста. Се препорачува за секојдневен мониторинг на шумски подрачја заради подобро планирање на заштита на шумите во одредени подрачја, особено таму каде појавите на нелегална сеча се од поголем обем.

Анализирани се 3 подрачја, а наодите се споделени со менаџментот на ЈПНШ и со МЗШВ. Комплетна анализа е направена за подрачјето на ШСЕ Јабланица – Ќафасан, каде резултатите укажуваат дека на секој 1 м3 легално посечено дрво, има уште 4 м3 нелегално посечено дрво во периодот од 2019 – 2023 година, при што планскиот етат беше искористен околу 77% за период од 5 години.

Препорака за надлежните институции е да вклучат примена на технолошки алатки во секојдневната работа. Нема оправдување во денешно време дека такво нешто не е можно и дека е недостапно и скапо.

Снимки со добра резолуција и временски периоди (почеста фреквенција) се купуваат на пазарот. За овие намени може да се користат и снимките од ЛПИС. Потребно е да се ангажира лице кое работи со ГИС системи и алатки, за да обезбеди соодветна поддршка за надлежните институции.

## Анализа на сателитски снимки – надзор на нелегална сеча

2019



2023



centre ReFoRD

FOREST SERVICE INTERNATIONAL FOUNDATION




2023

FOREST SERVICE INTERNATIONAL FOUNDATION

# Обуки за примена на дронови и надзорни камери









**Состанок за координација**

Со присуство на претставници на ЈО, Судски совет, Шумска полиција, МЗШВ и ЈП Национални шуми.

Покрај тоа што постои многу простор за подобрување на меѓусебната координација, констатирана е потреба од усогласување на прекршочните одредби од Закон за шуми и Закон за прекршоци како и дополнување на одредби од Кривичен закон.

Соодветните предлози веќе се доставени до МЗШВ, а во најскоро време ќе се доставaт и до работната група која работи на измена на Кривичен закон.